РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-477/1
27-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 27-ма седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-781/1 од 18.02.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметниот случај е обезбедена целосната документација и постапено е од страна на друг надлежен орган.

Предметот со број 12-781/1 од 18.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-781/1 од 18.02.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познати подносители. Наводите во пријавата се однесуваат на сомневања за незаконско издавање на Одобрение за градба бр. ------------- од 10.10.2024 година од страна на Општина Центар односно, не-известување на подносителите како непосредни соседи за текот на постапката околу издавањето на предметното одобрение за градба со што не било постапено по барање на подносителите за увид во предметот на Општина Центар, окончан со предметното, горе цитирано, одобрение за градба; неспроведување инспекциски надзор од овластениот градежен инспектор во Општина Центар при изведувањето на градбата согласно со издаденото, горе цитирано, одобрение за градба; и непостапување од страна на Општина Центар по поднесен Предлог за повторување на постапката од подносителите бр. ---------------- од 24.12.2024

година, прецизиран со поднесок бр. ------------- од 20.01.2025 година, корегиран со поднесок од подносителите бр. ---------- од 29.01.2025 година.

Во насока на констатирање на состојбите за предметниот случај, ДКСК се обрати до Општина Центар од каде што побара документација за предметниот случај и појаснување на состојбите. Општина Центар ја достави побараната документација и врз основа на увидот во истата го утврди следното:

Предметните градежни активности се извршуваат на КП ----------КО Центар 1 врз основа на издадено Одобрение за градење од Општина Центар со бр. -------------- од 10.10.2024 година, правосилно од 25.11.2024 година. Ова одобрение е издадено во соинвеститорство на три физички и едно правно лице, а по поднесено барање бр. ------------- од 03.07.2024 година. Барањето со придружната документација, е доставено преку електронскиот систем е-одобрение за градење, со сите документи во електронска форма.

Непосредните соседи, меѓу кои и подносителите на пријавата, биле известени за исходот од постапката од страна на Општина Центар, согласно со прописите кои го уредуваат градењето во РСМ – чл. 62-а од Законот за градење[1]. За еден од подносителите извршена е достава со јавна објава во два дневни весника на 7-ми и 8-ми ноември 2024 година, со оглед дека истиот не ја побарал препорачаната пратка со бр. -------------------- во Македонска Пошта АД Скопје, иако за тоа бил уредно известен. Како што образложи Општина Центар во својот одговор до ДКСК, ова било од причина што за подносителот била наведена погрешна адреса во неговиот имотен лист како адреса на живеење.

Од разгледаната документација доставена во прилог на пријавата произлегува дека на подносителите им бил овозможен увид во градежно-техничката документација од страна на Општина Центар. Имено, Општина Центар со известување бр. -------------- од 06.11.2024 година ги известила подносителите/соседите за да остварат увид во градежно - техничката документација за предметниот случај и при увидот, на еден од подносителите му била образложена постапката за негово информирање во врска со издаденото одобрение за градба за предметниот случај и му бил овозможен увид во

[1](„Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 129/15, 129/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16 и "Сл. весник на РСМ" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)

доказната документација за уредно извршена достава по пат на јавна објава во два дневни весници. Ова заради не-ажурираната адреса на живеење на подносителот во неговиот имотен лист.

Општина Центар спровела вонреден инспекциски надзор со цел испитување на наводите на подносителите за неизвршување на градежните активности во согласност со издаденото одобрение за градење. При тоа од страна на овластениот градежен инспектор во Општина Центар составен е Записник за констатација од извршен инспекциски надзор ИП1 бр. ---------------- од 05.02.2025 година, во кој е наведено дека со увидот во градежно – техничката документација, утврдено е дека до досегашната фаза на изграденост на објектот се запазени одобрените димензии со заверениот основен проект.

Во врска со наводите за непостапување по поднесениот Предлог за повторување на постапката од подносителите бр. ----------- од 24.12.2024 година, прецизиран со поднесок бр. ------------ од 20.01.2025 година, корегиран со поднесок од подносителите бр. ------------- од 29.01.2025 година, Општина Центар се произнесува дека нема сознанија за ваков предлог.

Од вака утврдените состојби, ДКСК констатира дека за предметниот случај е обезбедена целосната документација и постапено е од страна на друг надлежен орган кој во моментот на инспекцискиот надзор констатирал дека при изграденост на објектот се запазени одобрените димензии со заверениот основен проект.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Подносителот на пријавата